**ОГЛАС**

Датум на објава: 06.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Преку медиумска писменост до подобрени локални младински политики", објавува оглас за предавач за одржување на 2 едукативни работилници за унапредување на медиумската писменост кај граѓаните во локалната заедница.

Имено, во рамките на проектот предвидено е младите да добијат знаење кое што ќе им помогне во комуникацијата со медиумите, а преку нив да ја олесни соработката и комуникацијата со локалните власти, но и да го зголеми притисокот врз истите, а се со цел да бидат што е можно поотворени и потранспарентни кон младите, но во исто време и да ја овозможат партиципацијата на младите при креирањето на политики и донесувањето на јавни одлуки поврзани со младите и нивните потреби во заедницата.

Експертот ќе биде ангажиран вкупно 5 работни денови.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

*Зајакнати капацитетите и знаењата на младите од руралните средини за примена на медиумите како алатка за остварување на своите потреби и барања*

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставaт професионална биографија и финансиска понуда најдоцна до **14 август 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Со медиумска писменост до подобрени локални младински политики" *е ре-грантиран во рамките на проектот за младинско изразување* (Youth Expression Project) кој што е *финансиски поддржан од Европската Унија, а се спроведува од Младински образовен форум во соработка со Младински сојуз Крушево и Центарот за балканска соработка – ЉОЈА.*

Овој проекте финансиран од Европската Унија
.